Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

---

# З А П И С Н И К

од Седмата седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 26.11.2018 година

Скопје, ноември 2018 година

З А П И С Н И К
од Седмата седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 26.11.2018 година

Седницата започна во 09:15 часот.

Со седницата претседаваше претседателката на Советот, Фани Каранфилова Пановска од Фондацијата Отворено општество Македонија Скопје.

На седницата присуствуваа членовите на Советот: Миљазим Мустафа, Министерство за правда; Софија Кузмановска, Министерство за економија; Маја Лазареска Јовеска, Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство; Ангелина Бачановиќ, Министерство за здравство; Душан Томшиќ, Министерство за труд и социјална политика; Ели Чакар, Министерство за локална самоуправа; Гордана Ивановска-Велковска, Министерство за култура; Христина Конеска Бероска, Секретаријат за европски прашања; Суеда Бајрами, Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор; Сабина Факиќ, Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје; Уранија Пировска, Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје; Мимоза Богданоска Јовановска, Македонско научно друштво Битола; Јасна Мандиќ, Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје; Ирена Цветковиќ, Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје и Лилјана Јоноски, Здружение Рурална коалиција Куманово.

На седницата отсуствуваа членовите на Советот: Гордана Гапиќ – Димитровска, Министерство за информатичко општество и администрација; Славјанка Петровска, Министерство за внатрешни работи; Виктор Митевски, Министерство за финансии; Сафет Незири, Министерство за образование и наука; Сашо Секуловски, Министерство за животна средина и просторно планирање; Дарко Каевски, Агенција за млади и спорт; Марјан Николов, Центар за економски анализи; Зоран Илиески, Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп; Марио Јанчев, Здружение на граѓани СОС Детско село Македонија Скопје; Елизабета Божиноска, Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје; Јане Чаловски, Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје; Бесим Небиу; Здружение на новинарите на Македонија Скопје; Ана Чоловиќ-Лешоска, Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје и Силвија Митевска, Здружение за унапредување на меѓусебна доверба Такт Скопје.

На седницата присуствуваа и: Тони Ангеловски, како замена за Славјанка Петровска, Министерство за внатрешни работи; Марина Шаф, како замена за Гордана Гапиќ – Димитровска, Министерство за информатичко општество и администрација; Весна Гарванлиева, како замена за Марјан Николов, Центар за економски анализи; Билјана Властимирова, како замена за Елизабета Божиноска, Здружение на граѓани ХЕРА. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје; Невена Смилевска, како замена за Ана Чоловиќ-Лешоска, Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје; Јованка Попова, како замена за

Јане Чаловски, Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје; Маја Петковска-Лесес, Кабинет на Роберт Поповски, министер без ресор во Владата на Република Македонија, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност; Александра Крстеска, Национален демократски институт и претставници од Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат: Сузана Никодијевиќ-Филиповска, Сања Савовска, Елпида Петковска и Загорка Видоевска.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред, Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го утврди следниов:

Д Н Е В Е Н  Р Е Д

- Усвојување на Записникот од Шестата седница на Советот, одржана на 9.10.2018 година

1. Предлог - Закон за социјална заштита

2. Информација за потребата од добивање податоци од Министерството за внатрешни работи во врска со нападите кон ЛГБТИ заедницата и Информација за поттикнувањето на насилство како последица на говорот на омраза

3. Предлог-мислење на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор по повод Информацијата за учеството на јавноста во процесот на донесување одлуки во област на животната средина

4. План за комуникација – примери во областите: Заштита на маргинализираните лица и Економски и одржлив развој

5. Информирање за изработка на предлог-модел за вклучување на граѓанските организации во процесот на преговори со Европската Унија

6. Информирање за статусот на активностите за избор на еден член на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од редот на здруженијата и фондациите, за областа „ЕУ интеграции и политики“

7. Прашања и предлози

*

*    *

Советот без забелешки го усвои Записникот од Шестата седница, одржана на 9.10.2018 година.

По одделните точки од Дневниот ред, Советот ги донесе следните заклучоци:

**Точка 1**

Душан Томиќ од Министерството за труд и социјална политика детално го образложи Предлог-Законот за социјална заштита и истакна дека за истиот е спроведен широк консултативен процес кои опфаќал една година консултации со домашни експерти и универзитетски професори од областа социјална работа и политика. Исто така додаде дека имале и меѓународна поддршка во делот на финансиските права, дека оствариле посети на голем број Центри за социјална заштита, во работните групи се разгледувале извештаите и се направиле анализи. Тој истакна дека новиот Закон предвидува големи измени, значително квалитативно унапредување како и нови услуги кои досега не биле предвидени. Социјалната парична помош се реформира и надградува во гарантирана минимална помош. Основицата за гарантирана мининимална помош е зголемена на 4.000 денари, за разлика на постојното право на социјална парична помош кое изнесува 2.871 денари. Досегашните долготрајни корисници на социјална парична помош кои примаат намален износ од 50% основицата, ќе добиваат цел износ на гарантирана минимална помош. Во реформираниот систем на социјална заштита се предвидува зајакната активација на корисниците на гарантирана минимална помош на начин што сите работоспособни членови на домаќинството ќе се вклучат во активни програмите за вработување заради нивно оспособување за работа и вработување. Ова подразбира задолжително континуирано присуство на обуки како и прифаќање на понуда за вработување. Редизајнираните права на парична помош може да се гледаат единствено како семеен пакат на права во согласност со потребите на домаќинствата и граѓаните. Во насока на олеснување на животот и поголемо социјално вклучување на лицата со пореченост како парични права се воведуват првото на надоместок заради попреченост и се овозможува користењето на правото за самохраните родители кои се грижеле за своето дете со попреченост и не го сместиле во социјална установа, да се стекнат со парично право на возраст за пензионирање, поради тоа што не се стекнале со пензија по друг основ. Во оваа насока се предвидува и користење на социјални услуги како помош во домот, лична асистенција, обезбедување на помош и поддршка и други услуги во центри за дневен и привремен престој. Во однос на обезбедувањето на социјалните услуги се овозможува вклучување на локалната самоуправа, како и на здруженијата на граѓани, физички лица и приватниот сектор во обезбедувањето и испораката на услугите во заедницата. Се воведува нов начин на лиценцирање на стручните лица и нов метод на стручна работа преку „управување со случај" така што стручните лица во центрите за социјална работа планирано ќе работат со корисниците со цел за надминување на социјалниот ризик и вклучување во општеството. Социјалниот работник заедно со одговорно лице од Агенцијата за вработување ќе работат со сите работоспособни членови на домаќинството за стекнување и подобрување на работните вештини и знаења во

согласност со нивните можности и потребите на пазарот на труд што ќе овозможви нивно вработување како најдобар начин за излез од сиромаштијата. Предлог-Законот бил поставен на ЕНЕР дваесет дена, при што добиле коментари и предлози од Здружението ХЕРА, Здружението на млади правници и Здружението СОС детско село, а потоа објавено е соопштение во кое се образложени причините за прифаќањето односно неприфаќањето на предлозите.

Јасна Мандиќ додаде дека и самата била дел од консултациите и дека генерално е задоволна од процесот на подготовка на Предлог-Законот за социјална заштита, потенцирајќи дека бил слушнат гласот на граѓанските организации.

За време на дискусијата членовите на Советот упатија прашања дали се направени анализи за очекувањата од Законот и проценка на фискалните импликации и побараа тие да бидат достапни до јавноста.

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор се информираше со Предлог-Законот за социјална заштита.
2. Се задолжува членот на Советот од Министерство за труд и социјална политика, по завршување на консултативниот процес и вградување на предлозите и забелешките од граѓанските организации, новиот текст на Предлог-Законот за социјална заштита да го достави до членовите на Советот.

## <u>Точка 2</u>

Уранија Пировска накратко ја презентираше Хронологијата на напади на ЛГБТИ Центарот за поддршка, кои датираат од јуни 2013 година и потенцираше дека е потребно Основното јавно обвинителство да преземе конкретни чекори за идентификација на сторителите со цел да се покаже дека Република Македонија зазема систематски пристап во борбата против насилството кон ЛГБТИ заедницата.

Во рамките на истата точка, Уранија Пировска ја образложи Анализата за поврзаноста на говорот на омраза со делата од омраза за период 2014-2018 септември, како и потребата за посериозен пристап во насока на елиминирање на овие феномени, имајќи предвид дека поднесувањето на пријави до Основното јавно обвинителство и обраќањето до Одделението за компјутерски криминал на Министерството за внатрешни работи не резултирало со преземање на конкретни мерки и активности.

На дискусијата се надоврза претставникот од Министерството за внатрешни работи, Тони Ангеловски, појаснувајќи дека во изминатата година состојбата е значително подобрена со оглед на тоа што не е евидентиран ниту еден напад кон ЛГБТИ заедницата. Тој укажа дека во старите случаи на напад имало пропусти во начинот на водење на постапката, но потребно е повеќе време за систематско решавање на проблемот, бидејќи Министерството за внатрешни работи е само алатка на Основното јавно обвинителство.

Сабина Факиќ побара Министерството за внатрешни работи да ја информира јавноста за преземените активности од страна на внатрешната контрола за санкционирање на пропустите во постапката и идентификување на сторители на нападите кон ЛГБТИ заедницата.

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор се информираше со материјалите на Здружението Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје: Хронологија на напади на ЛГБТИ Центарот за поддршка и Анализа за поврзаноста на говорот на омраза со делата од омраза за периодот 2014-2018 септември.
2. Се задолжува членот на Советот во областа промоција и заштита на човековите права и антидискриминација, Уранија Пировска, до одржувањето на наредната седница на Советот, да подготви Предлог-мислење на Советот по повод Хронологијата на напади на ЛГБТИ Центарот за поддршка и Анализата за поврзаноста на говорот на омраза со делата од омраза за период 2014-2018 септември, со конкретни барања и предлози за преземање на мерки од надлежните институции.

## <u>Точка 3</u>

Невена Смилевска од Здружението Еко свест во врска со учеството на јавноста и граѓанските организации во подготовката на новата Стратегија за енергетика на Република Македонија, информираше дека по одржувањето на Шестата седница на Советот биле контактирани од консултантот, PriceWaterhouse Coopers и информирани дека ќе биде формиран еден панел од експерти кои работат на прибирање на податоците, еден панел кој е формиран на политичко ниво и еден панел од граѓански организации за консултација. Од Здружението истакнаа дека се консултирале и со мрежата Екосфера, која брои над 80 адреси на еколошки организации кои работат во областа на енергетиката. Според тоа, Здружението Еко-свест смета дека е овозможено соодветно учество на граѓанските организации во процесот на изготвување на овој значаен стратешки документ.

Во однос на Информацијата за учеството на граѓанскиот сектор во донесувањето одлука во врска со случајот „Национален парк Маврово и планираните хидропроекти на неговата територија", од Здружението Еко-свест сметаат дека во насока на градење партнерски однос помеѓу Владата и граѓанските организации, потребно е конструктивно посветување на решавање на случајот во Бернската Конвенција 013/01 „Национален парк Маврово и планираните хидропроекти на неговата територија". Тие побараа Советот да се обрати до Владата со цел ажурирање на последниот извештај испратен до Секретаријатот на Бернската Конвенција од 18.08.2018. Измените според нив, треба да бидат во насока на градење соработка и елиминирање на каков било напад или сомнеж за мотивите на дејствувањето на граѓанската организација.

Претседателката на Советот, Фани Каранфилова Пановска истакна дека е важно мислењето на Советот по ова прашање да биде во насока на превенирање во иднина извештаите до Секретаријатот на Бернската Конвенција да содржат напади или сомнежи за мотивите на дејствувањето на граѓанските организации.

Во однос на Информацијата за учеството на јавноста во донесувањето одлука во врска со проектот „Национален гасовод-делница 5 Скопје-Тетово-Кичево", Здружението Еко-свест предложи писмено известување до двете надлежни институции, Министерство за транспорт и врски и Министерство за животна средина и просторно планирање, заради нивна координација со цел изведувачот на проектот, АД МЕР да изврши ажурирање на Студијата за оцена на влијание врз животната средина за проектот и овозможување јавна расправа по истата.

Ели Чакар посочи дека неопходно е да се слушне ставот на Министерство за животна средина и просторно планирање по ова прашање.

**Заклучоци:**

1. По повод Информацијата за учеството на јавноста во процесот на донесување одлуки во област на животната средина, Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор заклучи дека е потребно да се задржи на системски и стратешки приод кон разгледување на прашањата кои го засегаат граѓанскиот сектор.
2. Се задолжува членот на Советот во областа заштита на животната средина, Ана Чоловиќ-Лешоска, во соработка со Одделението за соработка со невладини организации, да ги преработи Мислењата на Советот по Информацијата за учеството на граѓанскиот сектор во донесувањето одлука во врска со случајот „Национален парк Маврово и планираните хидропроекти на неговата територија"и Информацијата за учеството на јавноста во донесувањето одлука во врска со проектот „Национален гасовод-делница 5-Скопје-Тетово-Кичево" согласно расправата на сеницата.
3. Информацијата за учеството на јавноста во донесувањето одлука во врска со проектот „Национален гасовод- делница 5- Скопје- Тетово- Кичево" повторно да се разгледа на сеницата што ќе се одржи во јануари 2019 година, во присуство на членот на Советот од Министерство за животна средина и просторно планирање и други надлежни претставници од ова министерство и Министерството за транспорт и врски.

## Точка 4

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор се информираше со Планот за комуникација во областа заштита на маргинализираните лица, подготвен од Јасна Мандиќ и Здружението на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје и Планот за комуникација во областа економски и одржлив развој, подготвен од Марјан Николов и Центарот за економски анализи Скопје, како позитивни примери што треба да ги следат останатите членови на Советот.

Со цел зголемување на транспарентноста на работата на Советот кон граѓанските организации и јавноста, претседателката на Советот, Фани Каранфилова-Пановска, предложи да се формира работна група за изработка на План за комуникација на Советот. За членови на работната група се пријавија: Ели Чакар, Сабина Факиќ, Ирена Цветковиќ и Здружението Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје.

**Заклучок:**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор формира Работна група за изработка на План за комуникација на Советот, во состав:

-Ели Чакар;

-Сабина Факиќ;

-Ирена Цветковиќ и

-Павлина Симоновска - претставник од Здружението Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје.

## Точка 5

Претседателката на Советот, Фани Каранфилова-Пановска ги информираше членовите за изработката на Предлог-модел за вклучување на граѓанските организации во процесот на преговори со Европската Унија, истакнувајќи дека станува збор за отворен и транспарентен процес, според кој, Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор ќе учествува во селекцијата на организациите кои ќе бидат вклучени во преговорите, административната и техничката поддршка ќе се врши преку Одделението за соработка со невладини организации, а ќе се користи и базата на податоци на Граѓанскиот ресурсен центар, која вклучува 3000 електронски адреси на граѓански организации. Исто така, додаде дека до одржувањето на наредната седница на Советот, планирано е да се организираат јавни консултации за изработка на Нацрт-текст за моделот за вклучување на граѓанските организации во процесот на преговори со Европската Унија, во соработка со Граѓанскиот ресурсен центар.

## Точка 6

Сузана Никодијевиќ-Филиповска од Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија информираше дека по завршувањето на Јавниот повик за гласање за избор на еден член на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од редот на здруженијата и фондациите за областа „ЕУ интеграции и политики“ од страна на Одделението за соработка со невладини организации евидентирани се 73 гласа за давање на поддршка на кандидат.

На седницата беа отворени прашањата дали организациите кои гласале на претходниот повик за избор на членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од редот на здруженијата и фондациите имаат право да гласаат и дали во статутот на организациите што гласаат треба изречно да бидат утврдени цели

од областа „ЕУ интеграции и политики“, при што, Советот зазема став дека согласно јавниот повикот, право на глас имаат сите здруженија и фондации кои дејствуваат во областа „ЕУ интеграции и политики“.

**Точка 7**

Ели Чакар го отвори прашањето за вклучување на граѓанските организации во работната група за подготвување на Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам во Република Македонија, потенцирајќи дека експертизата на граѓанскиот сектор е особено важна за квалитетот на Стратегијата. На дискусијата се надоврза Маја Петковска-Лесес од Кабинетот на Роберт Поповски, министер без ресор во Владата на Република Македонија, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност и информираше дека се формирани координативно и ад-хок тело, а на 29.11.2018 година (четврток) ќе има состанок за формирање на работните групи. Предлог-стратегијата за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам во Република Македонија се очекува да биде подготвена до март 2019 година, со цел истата да може да се усвои во текот на јуни 2019 година.

Софија Кузмановска ги информираше присутните членови дека на 29.11.2019 година (четврток), со почеток во 10:00 часот, во Министерството за економија ќе се одржи јавна расправа во однос на Предлог-текстот на Среднорочната стратегија за општествена одговорност на Република Македонија 2019-2023, со Акциски план.

Сузана Никодијевиќ-Филиповска од Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија информираше дека до следната седница на Советот Одделението за соработка со невладини организации ќе подготви Предлог - програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година, имајќи предвид дека во Предлог-Буџетот на Република Македонија за 2019 година, во Буџетот на Владата на Република Македонија, ставка 463-Трансфери до невладини организации, предвидени се 12.000.000,00 денари, наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите.

На крајот од дискусијата, претседателката на Советот, Фани Каранфилова-Пановска побара членовите на Советот да размислат и предложат активности за промовирање на Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020. Исто така, предложи седниците да се одржуваат во четврток, во 12:00 часот, а со цел да се обезбеди поголема транспарентност во работата, на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk да се објавуваат и Нацрт-записниците, доколку членовите на Советот електронски се произнесат по нивната содржина.

**Заклучоци:**

1. Седниците на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор ќе се одржуваат во четврток, со почеток во 12:00 часот.
2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации да ги подготвува Нацрт-записниците во рок од 3 работни дена од денот на одржувањето на седницата на Советот. По произнесувње на членовите на Советот

по електронски пат во рок од 5 работни дена, Одделението за соработка со невладини организации да ги објавува Нацрт-записниците на www.nvosorabotka.gov.mk.

*

*     *

Седницата заврши во 11:45 часот.

Следната седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор ќе се одржи на 20.12.2018 година во 12:00 часот.

Претседателка на Советот за соработка со
и развој на граѓанскиот сектор
Фани Каранфилова-Пановска

Подготвиле: м-р Елпида Петковска и Загорка Видоевска
Контролирала: Сања Савовска
Одобрила: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска